**Проектот е финансиран**
**од Европската Унија**

11.08.2020

**ПОВИК ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ ПРИЈАВИ**

**за ангажирање експерт/ка за подготовка на методологија за оцена на квалитетот и воедначеноста на судските одлуки**

*Повик ЈУСТ/10*

во рамки на проектот

„Партнерство Јустиција: Враќање на довербата на граѓаните“

Број на договор за грант: 12-6206/1

Институтот за европска политика објавува повик за поднесување на пријави за ангажирање на експерт/ка за подготовка на методологија за оцена на квалитетот и воедначеноста на судските одлуки во рамки на проектот „Партнерство Јустиција: Враќање на довербата на граѓаните“, број на договор за грант: 12-6206/1, финансиран од Европската унија.

Во прилог е тендерската документација, составена од:

1. Анекс 1: Проектна задача
2. Анекс 2: Организација и методологија
3. Анекс 3: Формулар за финансиска понуда
4. Анекс 4: Изјава што треба да ја потпише понудувачот

Максималниот бруто износ за ангажираниот експерт не може да надмине 1500 евра во денарска противвредност, според курсот што го користи проектот.

Заинтересираните понудувачи треба да ја доставaт својата пријава на електронската адреса contact@epi.org.mk не подоцна од 12:00h на 1 септември 2020 година, со предмет (subject): Пријава за експерт за подготовка на Методологија за оцена на квалитетот и воедначеноста на судските одлуки.
Во прилог на понудата, понудувачите задолжително треба да достават:

- Детално резиме (биографија), на македонски или англиски јазик, со преглед на релевантното искуство;
- Организација и методологија за развивање на Методологијата за оцена на квалитетот и воедначеноста на судските одлуки, во формат прикажан во Анекс 2;
- Финансиска понуда во форматот прикажан во Анекс 3.
- Пополнета и потпишана изјава од понудувачот (Анекс 4).

Доколку Ви се потребни дополнителни информации за овој повик можете да нè контактирате на contact@epi.org.mk или на iva.conevska@epi.org.mk.